Në Ndarjen 10004 –Drejtoria e Zonave Teknologjiko-Industrialo-Zhvillimore, në nënprogramin D6 – Mbështetja e investimeve investuese, zëri 464 – Transferta të ndryshme, rritet për 100.000.000 denarë, në nënprogramin DV - Zona zhvillimoro- industrialo - teknologjike, zëri 482 - Objekte tjera ndërtimore, rritet për 100.000.000 denarë.

Në Ndarjen 12101 – Ministria e Mjedisit Jetësor dhe e Planifikimit Hapësinor, në nënprogramin 10 – Administrata, zëri 480 – Blerja e pajisjeve dhe makinave, rritet për 3.546.500 denarë, zëri 481 – Objekte ndërtimore rritet për 650.000 denarë, në nënprogramin 23-Menaxhimi dhe mbrojtja e ujërave, zëri 482 - Objekte tjera ndërtimore rritet për 8.376.903 denarë, në nënprogramin 24-Kualiteti i ajrit, zëri 480 – Blerja e pajisjeve dhe makinave rritet për 3.273.989 denarë, zëri 482 – Objekte tjera ndërtimore rritet për 782.437 denarë, në nënprogramin 25 – Trajtimin e ujërave të zeza, zëri 480-Blerjen e pajisjeve dhe makinave, rritet për 949.000 denarë, në nënprogramin 26-Menaxhimi me hedhurina, zëri 482 -objekte tjera ndërtimore, rritet për 16.640.000 denarë, zëri 488 - Dotacione kapitale për NjVL, rritet për 37.200.000 denarë, në nënprogramin 2B-LIQENI I DOJRANIT, zëri 421 - Shërbime komunale, ngrohje, komunikim dhe transport, rritet për 20.000.000 denarë, në nënprogramin 30-Plane hapësinore, zëri 480 - Blerja e pajisjeve dhe makinave, rritet për 747.500 denarë.

Në Ndarjen 13001 – Ministria e Transportit dhe e Lidhjeve, në nënprogramin DA-Investime në infrastrukturën hekurudhore, zëri 461 - Subvencione për ndërmarrje publike, rritet për 47.000.000, zëri 464 – Transfere të ndryshme rritet për 70.000.000 denarë.

Në Ndarjen 14005-Agjencia e Ushqimit dhe e Veterinarisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në nënprogramin 20 - Mbrojtja veterinare-shendetësore, zëri 464 - Transfere të ndryshme, rritet për 60.000.000 denarë.

Në Ndarjen 29010 – Pushteti gjyqësor, në nënprogramin 20 - Administrata gjyqësore, zëri 480 – Blerjen e pajisjeve dhe makinave, rritet për 51.286.386 denarë.

Neni 2

Në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022, në pjesën e posaçme në nënkolonën e katërtë nga kolona Shpenzime të Buxhetit themelor, bëhet rishpërndarja vijuese e mjeteve:

Në Ndarjen 06001 – Ministria e Punëve të Brendshme, në nënprogramin 20 – Suguria publike, zëri 414 - Rezerva për shpenzime kapitale, zvogëlohet për 83.005.000 denarë, zëri 485 –Investimi i mjeteve jofinanciare, zvogëlohet për 8.000.000 denarë, zëri 486 – Blerja e automjeteve zvogëlohet për 10.000.000 denarë.

Në Ndarjen 06001 - Ministria e Punëve të Brendshme, në nënprogramin 20 – Siguria publike, zëri 420 - Shpenzime ditore dhe rrugore, rritet për 8.000.000 denarë, zëri 421 - Shërbime komunale, ngrohje, komunikim dhe transport, rritet për 51.805.000 denarë, zëri 423 – Materiale dhe inventar i imët, rritet për 31.200.000 denarë, zëri 480 – Blerja e pajisjeve dhe makinave rritet për 10.000.000 denarë.

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit, ndërsa do të botohet në „Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08 – 4477/1
1 nëntor 2022
Shkup

Kryetari i Kuvendit
të Republikës së
Maqedonisë së Veriut
Mr. **Talat Xhaferi,** d.v.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3386.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ШЕФ НА МИСИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРИ ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

I

Г. Зулфи Исмаили се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија и Шеф на Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Указ број 80
2 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3387.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/21) а во врска со член 7 став (1) точка 4) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/21, 300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 октомври 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Со оваа одлука заради преземање на мерката за обезбедување на непречено и сигурно снабдување со електрична енергија, потрошувачите на електрична енергија, физички и правни лица регистрирани за вршење на приоритетна дејност-главна приходна шифра:

- 01.47 одгледување на живина
- 10.11 преработка и конзервирање на месо
- 10.12 преработка и конзервирање на живинско месо

- 10.13 производство на животинско и живинско месо
- 10.41 производство на масла и масти
- 10.51 преработка на млеко и производство на млечни производи
- 10.61 производство на мелнички производи
- 10.71 производство на леб; слатки (колачи и торти) во свежа состојба и бисквити (кекси), и
- 10.89 производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место (само за производство на квасец) во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија можат да склучуваат договор за снабдување со електрична енергија со ЕСМ Продажба ДООЕЛ, Скопје по цена од 80 евра/MWh, заради заштита на животниот стандард.

Со договорите за снабдување од став 1 на овој член се опфаќа само потрошувачката на броилата за електрична енергија за извршување на приоритетната дејност.

Член 2

Склучените договори за снабдување со електрична енергија помеѓу потрошувачите од член 1 од оваа одлука и ЕСМ Продажба ДООЕЛ, Скопје се со траење за временскиот период додека трае кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, во кој период се ставаат во мирување договорите за снабдување на електрична енергија.

Член 3

При склучување на договорите за снабдување со електрична енергија од член 1 од оваа одлука се применуваат одредбите од Правилата за снабдување со електрична енергија.

Член 4

За реализирање на мерката од членот 1 од оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во износ од 216 000 000,00 денари, Раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, потпрограма П1-Мерки за справување со Ковид 19 кризата и други антикризни мерки, расходна ставка 464- Разни трансфери.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се уплатат на посебна наменска сметка на ЕСМ Продажба ДООЕЛ, Скопје.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9766/3
30 октомври 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**3388.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/21), а во врска со член 7 став (1) точка 4) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 246/21, 300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 октомври 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука заради преземање на мерката за спречување на злоупотреби и манипулации при обезбедување на универзална услуга на пазарот на електрична енергија, во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје не можат да основаат јавно претпријатие, друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес-јавно осветлување.

Член 2

Општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје кои до денот на влегувањето во сила на оваа одлука имале основано јавно претпријатие, друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес-јавно осветлување, за време од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука да спроведат соодветни активности за престанување на важење на актите со кои ги основале истите.

Потрошувачите на електрична енергија од категоријата јавно осветлување кои до 30.6.2021 година по сопствен избор се снабдувале со електрична енергија од снабдувач, а преминале кај универзалниот снабдувач, најдоцна до 1 јануари 2023 година склучуваат договор за снабдување со електрична енергија со снабдувачи на електрична енергија.

На потрошувачите кои што нема да постапат согласно одредбите од став 2 на овој член, универзалниот снабдувач им го прекинува снабдувањето со електрична енергија како универзална услуга од 1 јануари 2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9773/3
30 октомври 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**3389.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/21) а во врска со член 7 став (1) точка 4) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/21, 300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 октомври 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука заради преземање на мерката за обезбедување на непречено и сигурно снабдување со електрична енергија, потрошувачите на електрична